**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН ВО 2012 ГОДИНА

**Број 0103 - 443**
**27.03.2013 година**
**Скопје**

# СОДРЖИНА


## 1. Општ дел

## 2. Организација и работа на Државната комисија
2.1. Состав на Државната комисија
2.2. Внатрешна организација на Државната комисија
2.3. Кадровска структура на Државната комисија

## 3. Индикатори на работата на Државната комисија
3.1. Општа статистика на предметите на Државната комисија
3.2. Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука
3.3. Управно судска заштита во предметите на Државната комисија

## 4. Статистика на предметите на Државната комисија оформени според област

**4.1. Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување, социјална политика, образование, наука, култура, внатрешните работи и граѓанскиот сектор**
4.1.1. Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување
4.1.2. Предмети од областа на социјалната политика
4.1.3. Предмети од областа на образовние, наука и култура
4.1.4. Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор

**4.2. Предмети од областа на имотно-правните работи, транспорт и врски, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економијата и заштитата на животната средина**
4.2.1. Предмети од областа на имотно-правните работи
4.2.2. Предмети од областа на катастар
4.2.3. Предмети од областа на денационализацијата
4.2.4. Предмети од областа на транспорт и врски
4.2.5.Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина
4.2.6. Предмети од областа на економијата и финансиите

**4.3. Сектор за поддршка на работата на Државната комисија за прашања од областа на работните односи**
4.3.1. Предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ)
4.3.2. Предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација

# ВОВЕД

**Управната постапка е постапка од големо значење за странките – учесници во истата бидејќи остваруваат свои определени права пред органите на извршната власт. Во управната постапка во кои решавале министерствата и другите органи на државната управа, организациите и другите државни органи утврдени со закон, до донесувањето и стапувањето во сила на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос од втор степен (Службен весник на Република Македонија број 51/2011), (во натамошниот текст: Закон), решавала Владата на Република Македонија преку Комисии надлежни за определени области во втор степен, доколку со материјалните закони не било поинаку определено.**

**Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка за работен однос од втор степен (во натамошниот текст: Државна комисија) е основана со закон и се финансира од Буџетот на Република Македонија. Започна со работа на 1 декември 2011 година.**

**Согласно член 6 од Законот, Државната комисија за своето работење поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија до крајот на март во тековната година за претходната година.**

**Годишниот извештај особено содржи:**

- **број на примени предмети,**
- **број на решени предмети (отфрлени,одбиени и прифатени жалби),**
- **број на нерешени предмети,**
- **број на предмети за кои е покренат управен спор (одбиени и прифатени предмети) и**
- **статистичка анализа на постапките на правна заштита.**

## 1. ОПШТ ДЕЛ

Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

Таа е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

Во постапката за решавање по жалби, Државната комисија ги применува одредбите од Законот за општата управна постапка, Законот за работни односи и другите материјални закони по области во кои е дадена надлежноста за постапување на Државната комисија.

Државната комисија е државен орган кој е самостоен во својата работа и има својство на правно лице. Државната комисија има стручна служба. На вработените во стручната служба се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

Државната комисија е составена од претседател и шест члена кои функцијата ја извршуваат професионално. Претседателот и членовите на Државната комисија ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија. Претседателот и членовите на Државната комисија се именуваат за период од пет години со право на повторен избор.

Членовите на Државната комисија од своите редови избираат заменик претседател. Претседателот и членовите на Државната комисија не можат да бидат членови во органи и тела кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија или Владата на Република Македонија.

По жалбените предмети Државната комисија одлучува на седница со мнозинство од вкупниот број членови. Државната комисија може да работи само доколку на седницата се присутни најмалку пет члена. На седниците на Државната комисија задолжително присуствува претседателот и/или неговиот заменик. Член на Државната комисија не може да биде воздржан при гласање. Седниците на Државната комисија не се јавни.

Начинот на работа и постапката за одлучување пред Државната комисија е уреден со Деловник за начинот на работа и постапката за одлучување на Државната комисија.

Претседателот и членовите на Државната комисија се избрани од страна на Собранието на Република Македонија и Конститутивната седница Претседателот и членовите ја одржаа на 01 декември 2011 година, што преставува почеток на работата на Државната комисија.

Со одлука на Владата на Република Македонија бр.41-6304/1 од 25 септември 2012 година, Државната комисија доби на трајно користење деловни простории за работа, кои се наоѓаат на Ул.„Даме Груев“ бр.3 блок 2 локал 5, Скопје, сопственост на Република Македонија и ги прими во владение со Записник број 0201-23/2 од 14.01.2013 година, па од 15.01.2013 година, почна со работа во истите на **ул.„Даме Груев“ бр.3 блок 2 локал 5, Скопје.**

## 2. ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 2.1. Состав на Државната комисија

- Државната комисија ја сочинуваат седум члена и тоа:

Претседател и шест члена на Државната комисија.
Заменик претседателот на Државната комисија е избран од редот на членовите на Комисијата.

- Стручна служба на Државната комисија, која согласно Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија и Правилникот за систематизација на работните места во Државната комисија е предвидено да работи со четири државни советници, пет сектори, петнаесет одделенија во составот на секторите и две самостојни одделенија, со вкупно предвидени 107 работни места. Во моментов во стручната служба на Државната комисија вработени се вкупно 22 лица.

## 2.2. Внатрешна организација на Државната комисија

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена со **Правилникот за внатрешна организација на Државната комисија**.

Со Правилникот се утврдува внатрешната организација на Државната комисија, видот и бројот на организациските единици, нивниот делокруг на работа, начинот на раководењето и графичкиот приказ на внатрешната организација на Државната комисија (органограм).

Внатрешната организација на Државната комисија е уредена согласно надлежностите на Државната комисија утврдени во Законот за основање на државна комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и посебните закони со кои се определува надлежност за одлучување на Државната комисија.

Внатрешната организација во Државната Комисија се заснова на начелата на:

- Законитост, стручност, ефикасност и економичност во вршењето на работите и задачите;
- Насоченост кон корисниците на услуги на Државната Комисија;
- Независност и одговорност при вршењето на службените задачи;
- Еднообразност и хиерархиска поставеност на организациските единици;
- Делегирање на овластувања и
- Меѓуресорска и меѓусекторска координација.

Заради остварување на законските надлежности, обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, организирање, следење и координирање на работите, како и заради извршување на информатичко-технолошки работи, работи во врска со управување со човечки ресурси, нормативно-правни, информативно-комуникациски, информативно-документарни, стручно-аналитички, надзорни, материјално-финансиски, стручно-административни и други работи, во Државната комисија се основаат следните организациски единици:

*** Сектор за поддршка на работата на Државната комисија за прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување, социјална политика, образование, наука, култура, внатрешните работи и граѓанскиот сектор**

*** Сектор за поддршка на работата на Државната комисија за прашања од областа на имотно-правните работи, транспорт и врски, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економијата и заштитата на животната средина**

*** Сектор за поддршка на работата на Државната комисија за прашања од областа на работните односи**

*** Сектор за финансиски прашања**

*** Сектор за стручно административни работи**

*** Самостојни одделенија:**

- Одделение за управување со човечки ресурси
- Одделение за внатрешна ревизија

## 2.3. Кадровска структура на Државната комисија

Структура на човечки ресурси на Државната комисија заклучно со 31.12.2012 година:

| | |
|---|---|
| - Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Заменик Претседател на Државната комисија | 1 |
| - Член на Државната комисија | 5 |
| - Државен советник | 2 |
| - Раководител на сектор | 3 |
| - Раководител на одделение | 1 |
| - Советник | 6 |
| - Виш соработник | 1 |
| - Помлад соработник | 1 |
| - Самостоен референт | 5 |
| - Референт | 1 |
| - Помлад референт | 2 |
| **Вкупно:** | **29** |

*Во овој дел важно е да се напомене дека од вкупниот број на вработени во Државната комисија, 11 лица се вработени во секторите за поддршка на Државната комисија за прашања од различните области, што практично претставува и ја сочинува стручната служба која постапува по оформените предмети и изготвува предлог решенија по изјавените жалби од различните области.

Ваквата стручна служба се оформи и почна да функционира од 01 Мај 2012 година со 7 вработени, а заклучно со 31.12.2012 година се надополни со 4 вработени и во моментов функционира со 11 лица.

Со оглед на големиот број на предмети оформени пред Државната комисија, кој во понатамошниот текст е детално образложен, обемот на работата и надлежностите на Државната комисија, а со цел поефикасно, побрзо и поквалитетно извршување на обврските утврдени со Законот, потребно е обезбедување на дополнителен кадар за зајакнување на постоечките капацитети во Државната комисија.

# 3. ИНДИКАТОРИ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА

## 3.1. Општа статистика на предметите на Државната комисија

Во текот на 2012 година, до Државната комисија се примени и оформени вкупно **11.472 предмети,** кои во понатамошниот текст детално се образложени според структура, начин на постапување и област.

Од вкупно **11.472 предмети** за работа во 2012 година, Државната комисија постапила по вкупно **8.619 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **2.853 предмети.**

| Вкупно примени предмети во 2012 година | Вкупно предмети по кои постапила Државната комисија | Вкупно предмети по кои не постапила Државната комисија - нерешени |
|---|---|---|
| 11.472 | 8.619 | 2.853 |
| 100% | 75,13% | 24,87% |




Вкупно предмети во 2012 година

**3.2. Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука**

Како што е погоре наведено, во текот на 2012 година, до Државната комисија се примени и оформени вкупно **11.472 предмети.** Од вкупно **11.472 предмети** за работа во 2012 година, Државната комисија постапила по вкупно **8.619 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **2.853 предмети.**

Поради подобро запознавање на работата на Државната комисија, во понатамошниот текст подетално е објаснета структурата и видот на предметите, како и начинот на постапување по истите од страна на Државната комисија.

Предметите кои се примени кај Државната комисија во главно се категоризираат на следниот начин:

- Предмети оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи,
- Предмети оформени по тужби изјавени против решенија на поранешните комисии на Владата на Република Македонија
- Предмети оформени по жалби на пресуди на Управниот суд на Република Македонија.

Државната комисија во 2012 година постапила по **вкупно 8.619 предмети** и тоа на начин и постапка според структурата и видот на предметите пристигнати и оформени пред Државната комисија. Во таа смисла, Државната комисија по горенаведените предмети постапила на следниот начин:

**По предметите оформени по жалби изјавени против решенија на првостепените органи**, Државната комисија постапила на начин што:

*** Ја уважила жалбата на жалителот, го поништила првостепеното решение и предметот го вратила на повторно разгледување и одлучување, (понатаму: уважени жалби).**

- Од вкупиот број на решени предмети, Државната комисија уважила вкупно **2.053 жалби.**

*** Ја одбила жалбата како неоснована, (понатаму: одбиени жалби).**

- Од вкупиот број на решени предмети, Државната комисија одбила вкупно **2.412 жалби.**

*** Ја отфрлила жалбата како ненавремена, недопуштена или изјавена од неовластено лице, (понатаму: отфрлени жалби).**

- Од вкупиот број на решени предмети, Државната комисија отфрлила вкупно **261 жалба.**

*** Ја запрела постапката по изјавената жалба со Заклучок за запирање, поради повлекување на жалбта од страна на жалителот, (понатаму: запрени постапки).**

- Од вкупиот број на решени предмети, Државната комисија ја запрела постапката по вкупно **30 изјавени жалби.**

*** Административно побарала докази или доуредување на предметот**. Во овој случај, по оформување на предметот, Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека постојат недостатоци поради кои неможе да постапува. Понатаму, Државната комисија изготвила допис со кој ги укажува утврдените недостатоци и предметот го враќа на првостепениот орган да ги отстрани истите, односно да ги достави бараните докази и списи, со цел да се докомплетира предметот, како би можела Државната комисија да постапува по истиот. **(понатаму: административно доуредување).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила, Државната комисија административно побарала докази или доуредување по вкупно **814 предмети.**

*** Ги пратила на понатамошно постапување на надлежен орган.** Во овој случај по оформување на предметот, Државната комисија извршила увид во списите на предметот и констатирала дека согласно законските одредби не е надлежна да постапува, односно дека друг орган е надлежен да постапува по изјавената жалба и истата ја праќа на понатамошно постапување на надлежниот орган. Во оваа категорија на предмети, исто така во голем број се застапени и пресудите на Управниот суд со кои се одбиваат, отфрлаат или запираат постапките по тужби, изјавени против решенијата на поранешните комисии на Владата на Република Македонија, односно пресуди со кои не се задолжува Државната комисија да постапува. Во овој случај, по приемот на пресудата, се оформува предмет, се врши увид во пресудата и запознавање со содржината на истата и откако ќе се констатира наведеното, предметот се праќа на надлежниот орган. **(понатаму: пратени на понатамошно постапување на надлежен орган).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила, Државната комисија пратила на понатамошно постапување на надлежен орган вкупно **1.691 предмет.**

**По предметите оформени по тужби изјавени против решенија на поранешните комисии на Владата на Република Македонија**, Државната комисија постапила на начин што по доставување на тужбата од страна на Управниот суд, оформува предмет, врши увид во списите и со допис ги побарува сите списи по кои се водела постапката од првостепениот орган. По добивање на списите од страна на првостепениот орган, Државната комисија врши комлетирање на предметот, дава одговор на тужба и истиот го доставува до Управниот суд на Република Македонија. **(понатаму: тужби доставени до Управен суд).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила, Државната комисија постапила по вкупно **1.249 предмети** оформени по тужби изјавени против решенија на поранешните комисии на Владата на Република Македонија.

**По предметите оформени по жалби на пресуди на Управниот суд на Република Македонија**, Државната комисија постапила на начин што по доставување на жалбата на пресудата од страна на Управниот суд, оформува предмет, врши увид во списите и со допис ги побарува сите списи по кои се водела постапката од првостепениот орган. По добивање на списите од страна на првостепениот орган, Државната комисија врши комлетирање на предметот и истиот го доставува до Управниот суд на Република Македонија. **(понатаму: жалби на пресуди доставени до Управен суд).**

- Од вкупиот број на предмети по кои постапила, Државната комисија постапила по вкупно **109 предмети** оформени по жалби на пресуди на Управниот суд на Република Македонија.

| **Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука** | | |
|---|---|---|
| **2012 година** | | |
| Уважени жалби | 2.053 | 17,90% |
| Одбиени жалби | 2.412 | 21,03% |
| Отфрлени жалби | 261 | 2,28% |
| Запрени постапки | 30 | 0,26% |
| Административно доуредување | 814 | 7,10% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 1.691 | 14,74% |
| Тужби доставени до Управен суд | 1.249 | 10,89% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 109 | 0,95% |
| Нерешени предмети | 2.853 | 24,87% |
| Вкупно предмети | 11.472 | 100,00% |




Структура на предметите на Државната комисија според начин на постапување и вид на одлука

### 3.3. Управно судска заштита во предметите на Државната комисија

Согласно член 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, Државната комисија е надлежна за решавање по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи.

Според став 2 од истиот член, Државната комисија е надлежна да одлучува и за прашања од областа на работните односи во втор степен (кои не се во надлежност на Агенцијата за администрација), за прашањата од областа на работните односи за државните службеници од Агенцијата за администрација, како и против решенијата на Министерството за внатрешни работи со кои се поништени решенијата за доделување на награди.

Согласно член 10 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, против решението на Државната комисија за работите од членот 1 став 1 на законот може да се покрене управен спор пред судот надлежен за водење на управни спорови.

Според став 2 од истиот член, против решението на Државната комисија за работите од членот 1 став 2 на законот може со тужба да се покрене спор пред надлежен суд.

Имајќи ги предвид горенаведените законски одредби, против решенијата на Државната комисија е обезбедена судска заштита пред управниот, односно надлежниот суд.

По однос на решенијата на Државната комисија, во овој дел истакнуваме дека против предметите по кои постапувала Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во 2012 година, **поведени се вкупно 352 управни спора.**

# 4. СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИТЕ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ОФОРМЕНИ СПОРЕД ОБЛАСТ

## 4.1. Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување, социјална политика, образование, наука, култура, внатрешните работи и граѓанскиот сектор

### 4.1.1. Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **3.943 предмети** од областа на пензиското и инвалидското осигурување и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0701 и 0711.

Од вкупниот број на предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување, Државната комисија постапила по вкупно **2.872 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **1.071 предмет.**

Државната комисија постапила по вкупно **2.872 предмети** од областа на пензиското и инвалидското осигурување и тоа на следниот начин:

- 790 предмети каде жалбата се уважува
- 1.006 предмети каде жалбата се одбива
- 37 предмети каде жалбата се отфрла
- 5 предмети каде е запрена постапката
- 488 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 185 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 321 предмет по тужби доставени до Управниот суд
- 40 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **1.071 предмет.**

| 2012 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување** | | |
| Уважени жалби | 790 | 20,04% |
| Одбиени жалби | 1.006 | 25,51% |
| Отфрлени жалби | 37 | 0,94% |
| Запрени постапки | 5 | 0,13% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 488 | 12,38% |
| Административно доуредување | 185 | 4,69% |
| Тужби доставени до Управен суд | 321 | 8,14% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 40 | 1,01% |
| Нерешени | 1.071 | 27,16% |
| Вкупно | 3.943 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на пензиското и инвалидското осигурување во 2012 година

### 4.1.2. Предмети од областа на социјалната политика

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **121 предмет** од областа на социјалната политика и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0704 и 0712.

Од вкупниот број на предмети од областа на социјалната политика, Државната комисија постапила по вкупно **96 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **25 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **96 предмети** од областа на социјалната политика и тоа на следниот начин:

- 4 предмети каде жалбата се уважува
- 6 предмети каде жалбата се одбива
- 1 предмет каде жалбата се отфрла
- 44 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 22 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 17 предмети по тужби доставени до Управниот суд
- 2 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на социјалната политика, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **25 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на социјалната политика** | | |
| Уважени жалби | 4 | 3,31% |
| Одбиени жалби | 6 | 4,96% |
| Отфрлени жалби | 1 | 0,83% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 44 | 36,36% |
| Административно доуредување | 22 | 18,18% |
| Тужби доставени до Управен суд | 17 | 14,05% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 2 | 1,65% |
| Нерешени | 25 | 20,66% |
| Вкупно | 121 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на социјалната политика во 2012 година

### 4.1.3. Предмети од областа на образовние, наука и култура

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **584 предмети** од областа на образование, наука и култура и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0705.

Од вкупниот број на предмети од областа на образование, наука и култура, Државната комисија постапила по вкупно **233 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **351 предмет.**

Државната комисија постапила по вкупно **233 предмети** од областа на образование, наука и култура и тоа на следниот начин:

- 3 предмети каде жалбата се уважува
- 19 предмети каде жалбата се одбива
- 7 предмети каде жалбата се отфрла
- 22 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 167 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 15 предмети по тужби доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на образование, наука и култура, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **351 предмет.**

| 2012 година | | |
| --- | --- | --- |
| **Предмети од областа на образование, наука и култура** | | |
| Уважени жалби | 3 | 0,51% |
| Одбиени жалби | 19 | 3,25% |
| Отфрлени жалби | 7 | 1,20% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 22 | 3,77% |
| Административно доуредување | 167 | 28,60% |
| Тужби доставени до Управен суд | 15 | 2,57% |
| Нерешени | 351 | 60,10% |
| Вкупно | 584 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на образование, наука и култура во 2012 година

### 4.1.4. Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **649 предмети** од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0708.

Од вкупниот број на предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, Државната комисија постапила по вкупно **562 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **87 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **562 предмети** од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор и тоа на следниот начин:

- 116 предмети каде жалбата се уважува
- 271 предмет каде жалбата се одбива
- 9 предмети каде жалбата се отфрла
- 2 предмети каде е запрена постапката
- 80 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 44 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 36 предмет по тужби доставени до Управниот суд
- 4 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **87 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор** | | |
| Уважени жалби | 116 | 17,87% |
| Одбиени жалби | 271 | 41,76% |
| Отфрлени жалби | 9 | 1,39% |
| Запрени постапки | 2 | 0,31% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 80 | 12,33% |
| Административно доуредување | 44 | 6,78% |
| Тужби доставени до Управен суд | 36 | 5,55% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 4 | 0,62% |
| Нерешени | 87 | 13,41% |
| Вкупно | 649 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на внатрешните работи и граѓанскиот сектор во 2012 година

## 4.2. Предмети од областа на имотно-правните работи, транспорт и врски, земјоделство, шумарство, водостопанство, ветеринарство, економијата и заштитата на животната средина

### 4.2.1. Предмети од областа на имотно-правните работи

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **2.013 предмети** од областа на имотно правните работи и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0801 и 0813.

Од вкупниот број на предмети од областа на имотно правните работи, Државната комисија постапила по вкупно **1.302 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **711 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **1.302 предмети** од областа на имотно правните работи и тоа на следниот начин:

- 288 предмети каде жалбата се уважува
- 517 предмети каде жалбата се одбива
- 38 предмети каде жалбата се отфрла
- 10 предмети каде е запрена постапката
- 126 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 93 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 187 предмети по тужби доставени до Управниот суд
- 43 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на имотно правните работи, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **711 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на имотно правните работи** | | |
| Уважени жалби | 288 | 14,31% |
| Одбиени жалби | 517 | 25,68% |
| Отфрлени жалби | 38 | 1,89% |
| Запрени постапки | 10 | 0,50% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 126 | 6,26% |
| Административно доуредување | 93 | 4,62% |
| Тужби доставени до Управен суд | 187 | 9,29% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 43 | 2,14% |
| Нерешени | 711 | 35,32% |
| Вкупно | 2.013 | 100,00% |




Вкупно предмети од области на имотно правните работи во 2012 година

### 4.2.2. Предмети од областа на катастар

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **269 предмети** од областа на катастар и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0814.

Од вкупниот број на предмети од областа на катастар, Државната комисија постапила по вкупно **206 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **63 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **206 предмети** од областа на катастар и тоа на следниот начин:

- 43 предмети каде жалбата се уважува
- 6 предмети каде жалбата се одбива
- 3 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет каде е запрена постапката
- 44 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 82 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 27 предмети по тужби доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на катастар, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **63 предмети.**

| 2012 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на катастар** | | |
| Уважени жалби | 43 | 15,99% |
| Одбиени жалби | 6 | 2,23% |
| Отфрлени жалби | 3 | 1,12% |
| Запрени постапки | 1 | 0,37% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 44 | 16,36% |
| Административно доуредување | 82 | 30,48% |
| Тужби доставени до Управен суд | 27 | 10,04% |
| Нерешени | 63 | 23,42% |
| Вкупно | 269 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на катастар во 2012 година

### 4.2.3. Предмети од областа на денационализацијата

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **2.351 предмет** од областа на денационализацијата и заведени пред Државната комисија со архивскиот знак 0815.

Од вкупниот број на предмети од областа на денационализацијата, Државната комисија постапила по вкупно **2.009 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **342 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **2.009 предмети** од областа на денационализацијата и тоа на следниот начин:

- 652 предмети каде жалбата се уважува
- 17 предмети каде жалбата се одбива
- 5 предмети каде жалбата се отфрла
- 727 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 42 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 558 предмети по тужби доставени до Управниот суд
- 8 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на денационализацијата, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **342 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на денационализацијата** | | |
| Уважени жалби | 652 | 27,73% |
| Одбиени жалби | 17 | 0,72% |
| Отфрлени жалби | 5 | 0,21% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 727 | 30,92% |
| Административно доуредување | 42 | 1,79% |
| Тужби доставени до Управен суд | 558 | 23,73% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 8 | 0,34% |
| Нерешени | 342 | 14,55% |
| Вкупно | 2.351 | 100,00% |



Вкупно предмети од областа на денационализацијата во 2012 година

### 4.2.4. Предмети од областа на транспорт и врски

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **272 предмети** од областа на транспорт и врски и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0804 и 0816.

Од вкупниот број на предмети од областа на транспорт и врски, Државната комисија постапила по вкупно **244 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **28 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **244 предмети** од областа на транспорт и врски и тоа на следниот начин:

- 21 предмет каде жалбата се уважува
- 52 предмети каде жалбата се одбива
- 9 предмети каде жалбата се отфрла
- 5 предмети каде е запрена постапката
- 49 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 54 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 49 предмети по тужби доставени до Управниот суд
- 5 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд.

Од вкупниот број на предмети од областа на транспорт и врски, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **28 предмети.**

| 2012 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на транспорт и врски** | | |
| Уважени жалби | 21 | 7,72% |
| Одбиени жалби | 52 | 19,12% |
| Отфрлени жалби | 9 | 3,31% |
| Запрени постапки | 5 | 1,84% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 49 | 18,01% |
| Административно доуредување | 54 | 19,85% |
| Тужби доставени до Управен суд | 49 | 18,01% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 5 | 1,84% |
| Нерешени | 28 | 10,29% |
| Вкупно | 272 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на транспорт и врски во 2012 година

### 4.2.5 Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **150 предмети** од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0807 и 0817.

Од вкупниот број на предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина, Државната комисија постапила по вкупно **118 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **32 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **118 предмети** од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина и тоа на следниот начин:

- 8 предмети каде жалбата се уважува
- 13 предмети каде жалбата се одбива
- 30 предмети каде жалбата се отфрла
- 23 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 35 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 8 предмети по тужби доставени до Управниот суд
- 1 предмет по жалби на пресуди доставени до Управниот суд.

Од вкупниот број на предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **32 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина** | | |
| Уважени жалби | 8 | 5,33% |
| Одбиени жалби | 13 | 8,67% |
| Отфрлени жалби | 30 | 20,00% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 23 | 15,33% |
| Административно доуредување | 35 | 23,33% |
| Тужби доставени до Управен суд | 8 | 5,33% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 1 | 0,67% |
| Нерешени | 32 | 21,33% |
| Вкупно | 150 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството, ветеринарството и заштитата на животната средина во 2012 година.

### 4.2.6. Предмети од областа на економијата и финансиите

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **254 предмети** од областа на економијата и финансиите и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0810 и 0818.

Од вкупниот број на предмети од областа на економијата и финансиите, Државната комисија постапила по вкупно **164 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **90 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **164 предмети** од областа на економијата и финансиите и тоа на следниот начин:

- 7 предмети каде жалбата се уважува
- 41 предмет каде жалбата се одбива
- 48 предмети каде жалбата се отфрла
- 6 предмети каде е запрена постапката
- 9 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 52 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 1 предмет по тужби доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на економијата и финансиите, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **90 предмети.**

| 2012 година | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на економијата и финансиите** | | |
| Уважени жалби | 7 | 2,76% |
| Одбиени жалби | 41 | 16,14% |
| Отфрлени жалби | 48 | 18,90% |
| Запрени постапки | 6 | 2,36% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 9 | 3,54% |
| Административно доуредување | 52 | 20,47% |
| Тужби доставени до Управен суд | 1 | 0,39% |
| Нерешени | 90 | 35,43% |
| Вкупно | 254 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на економијата и финансиите во 2012 година

## 4.3. Предмети од областа на работните односи

### 4.3.1. Предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ)

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **525 предмети** од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0901 и 0907.

Од вкупниот број на предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ), Државната комисија постапила по вкупно **497 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **28 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **497 предмети** од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) и тоа на следниот начин:

- 92 предмети каде жалбата се уважува
- 281 предмет каде жалбата се одбива
- 50 предмети каде жалбата се отфрла
- 38 предмети кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган
- 11 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 19 предмети по тужби доставени до Управниот суд
- 6 предмети по жалби на пресуди доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ), Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **28 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ)** | | |
| Уважени жалби | 92 | 17,52% |
| Одбиени жалби | 281 | 53,52% |
| Отфрлени жалби | 50 | 9,52% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 38 | 7,24% |
| Административно доуредување | 11 | 2,10% |
| Тужби доставени до Управен суд | 19 | 3,62% |
| Жалби на пресуди доставени до Управен суд | 6 | 1,14% |
| Нерешени | 28 | 5,33% |
| Вкупно | 525 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на работните односи за вработени со посебни овластувања (МВР, Царинска управа, АРМ) во 2012 година

### 4.3.2 Предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација

Во 2012 година се пристигнати и оформени вкупно **341 предмет** од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација и заведени пред Државната комисија со архивските знаци 0904 и 0908.

Од вкупниот број на предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација, Државната комисија постапила по вкупно **316 предмети**, додека не постапила, односно останале нерешени вкупно **25 предмети.**

Државната комисија постапила по вкупно **316 предмети** од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација и тоа на следниот начин:

- 29 предмети каде жалбата се уважува
- 183 предмет каде жалбата се одбива
- 24 предмети каде жалбата се отфрла
- 1 предмет каде е запрена постапката
- 41 предмет кои се пратени на понатамошно постапување на надлежен орган

- 27 предмети по кои административно е побарано докази или доуредување
- 11 предмети по тужби доставени до Управниот суд

Од вкупниот број на предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација, Државната комисија не постапила, односно останале нерешени вкупно **25 предмети.**

| **2012 година** | | |
|---|---|---|
| **Предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација** | | |
| Уважени жалби | 29 | 8,50% |
| Одбиени жалби | 183 | 53,67% |
| Отфрлени жалби | 24 | 7,04% |
| Запрени постапки | 1 | 0,29% |
| Пратени на понатамошно постапување на надлежен орган | 41 | 12,02% |
| Административно доуредување | 27 | 7,92% |
| Тужби доставени до Управен суд | 11 | 3,23% |
| Нерешени | 25 | 7,33% |
| Вкупно | 341 | 100,00% |




Вкупно предмети од областа на работните односи за вработените за кои се применува општото трудово законодавство и вработените во Агенцијата за администрација во 2012 година

. . .

Со овој Извештај детално е опфатена работата на Државната комисија, начинот на постапување и одлучување, како и вкупниот број на предмети во 2012 година, односно нивна статистичка анализа. Како што е наведено во извештајот, Државната комисија во 2012 година, примила вкупно **11.472 предмети,** додека постапила по вкупно **8.619 предмети** или **75,13%** од вкупниот број на примени предмети. Имајќи го предвид процентот на предмети по кои постапила Државната комисија, а притоа со внимателна анализа на сите параметри кои влијаат на работата на Државната комисија, особено бројот на примените предмети и обемот на стручната служба, произлегува дека работата на Државната комисија во 2012 година бележи значителни резултати.

**Бр.0103 - 443**
**27.03.2013 година.**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ирена Брзанова**

34